МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2897/2**

# З А П И С Н И К

**Од 64-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 10.05.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани,Гајур Рамадани,Ристе Панов и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Анита Латифи.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Антовски-раководител на одделние за човечки ресурси,Наташа Георгиева-помошник на Директорот на МТВ.

Седницата започна во 13:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на запиникот од 63-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Информација за рејтингот на гледаност, и начинот на мерење на гледаноста и популарноста на МТВ.

3. Информација за бројот на вработени и за работните места распоредени по организациони едници во МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на запиникот од 63-та седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 63-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 63-та седница беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно го усвои записникот од 63-та седница.

**ТОЧКА 2:Информација за рејтингот на гледаност, и начинот на мерење на гледаноста и популарноста на МТВ.**

На почетокот од расправата по оваа точка претседателката на советот ја повика Наташа Георгиева помошник на Директорот на МТВ.Наташа пред присутните достави кратка пишана Информација по однос на точката за која беше повикана и објасни дека тоа што МРТ веќе подолг период нема извршено мерење на рејтинг, односно нема ангажирнао агнеција која ќе врши мерење на рејтингот се одразува многу негативно врз целокупното работење на куќата.Податоците се многу важни за Маркетингот на МРТ за ценвоникот по рејтинг, исто така странските добавувачи на програма постојано ни испраќаат забелешки затоа што не си ја извршуваме обврската од договрите кој ги имаме со нив, а тоа е извештаите за рејтинг на гледаност на програмата која тие ни ја испорачуваат.Наташа исто така додаде дека во земјава постои еден приватен оператор кој се занимава со оваа дејност АГБ Нилсен и од тој оператор земаат податоци и услуги сите медиуми во државата, како и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,меѓу нив беше и МРТ и во ота време ситуацијата беше на добро ниво однсоно имаеше секојдневно податоци за рејтингот на гледаност и популарност на програмите на МТВ.Кога заврши договорот со АГБ Нилсен се склучи договор со друг оператор Аналитика од кој добивавме некакви податоци и услуги кој беа на далеку полошо ниво од предходните но и со нив прекина договорот и после тоа од 01.08.2017 година МРТ нема договор со никој опертаор за мерење на рејтинг и согласно тоа нема и податоци за рејтингот на гледаност на програмите на МТВ.
Претседателката на советот по излагањето на Наташа запраша по однос на Маркетингот во МРТ, како се врши пресметката за рекламирање доколку клиентот побара рекламирање по рејтинг.
Наташа со одговор дека во овој период на клиентите им се нуди само Ценовникот по секунда за да не дојде до проблеми бидејќи нема мерење на рејтнигот.
Ивана Трајковска со прашање конкрентно за престојниот Евросонг дали од организацијата ќе бараат рејтинг, и доколку побараат како ќе им биде одговорено од страна на МРТ.Наташа објасни дека секако ќе бараат како и секоја година по одржувањето на Евросонгот, но дека ние единствено што можеме да направиме во случајов е тоа да испратиме Извештај дека во моментов не располагаме со податоци за рејтингот.
Членот Ристе Панов запраша дали може да се користат податоци за гледаност на медиумите од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бидејќи тие на својот сајт на секој 4 месеци истакнуваат некои нивни Извештаи за рејтинг на гледаност.Наташа со одговор дека за нивните податоци не се зане како се добиени и од кај ги добавуваат и дека такви податоци не се веродостојни за МРТ да може да ги користи во своето работење.
Снежана Клинчарова истакна дека во суштина на пропблемот со мерењето на гледаноста на телвизиските програми во Македонија е фактот што ниту јавноста ниту телевизиите немаат доверба во објективноста на измерените и објавени рејтинзи.Гореспоменататa агенција не прави ништо сериозно да ја промени ваквата состојба.Се дотогаш оваа агенција не сум ја именувала и нема да ја именувам со нејзино вистинско име.
Исто така Клинчарова додаде Агенцијата за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги останува да го реши овој и проблемот со монополската улога на предметната агенција.

По расправата по оваа точка програмскиот совет на МРТ едногласно донесе Заклучок:

**■ Програмскиот совет на МРТ го задолжува Менаџментот на МРТ да изнајде решение за проблемот со немањето на агенција за мерење на рејтингот на гледаност во МТВ, односно да спроведе постапка за набавка на нов оператор за мерење на рејтингот.**
**За презремените дејствија да го информира Програмскиот совет на МРТ во рок од 15 дена.**

ТОЧКА 3:**Информација за бројот на вработени и за работните места распоредени по организациони едници во МРТ.**
Дарко Антовски-раководител на одделние за човечки ресурси пред присутните членови го објасни материјалот кој беше доставен на сеницата, а беше изготвен од одделението за човечки ресурси а кој содржи преглед на работни места по сите работни едници во МРТ поединечно.
Исто така пред присутните беше доставен и прочитан допис испратен до советот од страна на раководителот на Одделението за енергетика во МРТ,Здравко Пандурски, а во кое се бара вработување на двајца електро-техничари во одделението.Дарко Антовски по ова прашање објасни дека за истиот проблем е запознат, и дека за истото мора да се почека најпрвин согласност од надлежните министерства.
Членот Ристе Панов истакна дека како совет мора да превземе некакви мерки по однос на присуството односно неприсуството на вработените на своите работни места однсоно по дали се почитува работното време или не,како на пример со изготовување на некои нови правилници и слично.
Ивана Трајковска со реакција дека како совет немаме никаква надлежност да се мешаме во такви работи дали некој доаѓа на работа или не,тоа е надлежност на директорот и неговиот заменик, како и на раководителите и уредниците,доколку тие не спроведуваат попстапки за кои се платени,ние немаме ни надлежност, а ниту обврска да спроведуваме било што по однос на тоа дали некој почитува работно време или не.

ТОЧКА 4: **Разно.**
По оваа точка од дневниот ред немаше расправа.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател